**20151925281**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08 – 5096/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Член 1

Во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/15), по членот 9 се додаваат три нови наслови и три нови члена 9-а, 9-б и 9-в, кои гласат:

**„Електронска заштита при спроведување на испитите**

Член 9-а

(1) При спроведувањето на испитите кои се полагаат по електронски пат согласно со овој закон, овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(2) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(3) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(4) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Академијата за судии и јавни обвинители најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

(5)Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички ги спроведува испитите од членовите 21, 64 и 97 од овој закон, доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

**Комисија за ревизија на одржаните испити**

Член 9-б

(1) Управниот одбор на Академијата формира Комисија за ревизија на одржаните испити кои се полагаат по електронски пат согласно овој закон, која во својата работа ги користи материјалите од член 31 став (2) од овој закон и во која членуваат и претставници од Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни овбинители на Република Македонија.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член се состанува по секој одржан испит и врши ревизија на спроведување на испитите, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои не ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно членовите 20 и 57 од овој закон, за што доставува извештај до Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

(3) На членовите на комисијата од ставот (1) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Академијата за судии и јавни обвинители донесува решение.

(4) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од ставот (1) на овој член доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитите, а тоа не го констатираат во извештајот до Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

**Примена на одредбите за електронско полагање на испитот за директор, при полагање на приемниот и завршниот испит**

Член 9-в

При полагањето на приемниот и завршниот испит се применуваат одредбите од овој закон за начинот на полагање на испитот за директор по електронски пат.“

Член 2

Во членот 14 зборовите: „освен на членовите по функција“ се бришат.

Член 3

Членот 19 се менува и гласи:

„(1) Членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок за извршената работа, како и право на надоместок на патни и дневни трошоци, согласно со прописите со кои се уредуваат тие прашања.

(2) Надоместокот за извршената работа од ставот 1 на овој член изнесува десет илјади денари месечно. “

Член 4

Во член 22 во ставот (3) зборот „еднаш“ се заменува со зборот „двапати“.

Во ставот (5) по зборот „одлучува“ се додаваат зборовите: „најмалку 30% од“, а по зборот „отстранети“ се додаваат зборовите: „и заменети со нови“.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Годишниот паричен надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на месечна плата на судија во апелационен суд.“

Член 5

Во член 23 по зборот „Академијата“ се додаваат зборовите: „за што Управниот одбор на Академијата определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кој гласат:

„(2) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредснот ќе се казни лицето од ставот (1) кое ќе дозволи да полага кандидат кое не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

(3) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Академијата за судии и јавни обвинители донесува решение“.

Член 6

Во член 24 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот прекуј веб страната на Академијата за судии и јавни обвинители и јавниот радиодифузен сервис .“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3)и (4).

По ставот  (4) кој станува став (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина  од просечната нето плата во Република Македонија, за што Академијата за судии и јавни обвинители донесува решение.“

Член 7

Во член 25 во ставот (7) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на испитот за директор во траење од три години, за што Управниот одбор на Академијата донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.“

По ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:

„(10) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 24 став (5) од овој закон, ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2), (3) и (4) од овој член .

(11) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на ставовите (2), (3) и (4) од овој член.“

Член 8

Во член 31 ставовите (3) и (4) се бришат.

Член 9

Во член 38, по ставот (2), се додаваат три нови става (3), (4) и (5) кои гласат:

„(3) Изборот на еден член и негов заменик од редот на редовни или вонредни професори по правни науки или истакнати правници со академско звање доктор на науки со најмалку шест години работно искуство во областа на правото се врши по пат на јавен повик кој го спроведува Управниот одбор на Академијата.

(4) Членовите на програмскиот совет имаат право на надоместок за извршената работа, како и право на надоместок на патни и дневни трошоци, согласно со прописите со кои се уредуваат тие прашања.

(5) Надоместокот за извршената работа од ставот (4) на овој член изнесува пет илјади денари месечно.“

Член 10

Во член 72 во ставот (3) зборот „еднаш“ се заменува со зборот „двапати“, а по зборот „годишно,“ се додаваат зборовите „при што најмалку 30% од базата на прашања се заменуваат со нови,“.

Член 11

Членот 81 се менува и гласи:

„При полагање на практичниот (писмен) дел од испитот, дозволено е користење на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага практичниот (писмен дел) од испитот.“

Член 12

Членот 104 се менува и гласи:

„При полагање на практичниот (писмен) дел од завршниот испит, дозволено е користење на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага практичниот (писмен дел) од испитот.“

Член 13

Членот 119 се менува и гласи:

„Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за правда, освен за прекршочните одредби од овој закон за кои надзор врши Академијата за судии и јавни обвинители.“

Член 14

По членот 119, се додава нов наслов и нов член 119-а, кој гласи:

**„Одмерување на висина на глоба на правно лице**

Член 119-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.“

Член 15

За прекршоците пропишани со овој закон прекршочна постапка ќе води и прекршочна санкција ќе изрече надлежен суд.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.